**Влада на Република Северна Македонија**

Совет за соработка меѓу Владата и граѓанското општество

| | |
|---|---|
| Дата: | 26.2.2026 |
| Архивски број: | 34 – 5 / 3 |
| До: | **Влада на Република Северна Македонија** |
| Предмет: | Мислење по Извештајот за процесот на консултации при подготовка на предлози на закони и стратегии, користење на ЕНЕР и други механизми за соработка со граѓанските организации во 2025 година |

Советот за соработка меѓу Владата и граѓанското општество, на Деветтата седница одржана на 26.02.2026 година, го разгледа Извештајот за процесот на консултации при подготовка на предлози на закони и стратегии, користење на ЕНЕР и други механизми за соработка со граѓанските организации во 2025 година и притоа го утврди следново

# М И С Л Е Њ Е

Советот за соработка меѓу Владата и граѓанското општество дава позитивно мислење по Извештајот за процесот на консултации при подготовка на предлози на закони и стратегии, користење на ЕНЕР и други механизми за соработка со граѓанските организации во 2025 година.

Советот препорачува органите на државната управа да продолжат со редовна комуникација и консултации со граѓанските организации во сите фази на процесот на креирање политики и подготовка на предлози на закони, стратегии и други акти, вклучително и како членови во работни групи, а консултациите да бидат транспарентни и инклузивни. При тоа, министерствата треба да обезбедат суштински дијалог со граѓанските организации во однос на нивните иницијативи по јавниот повик на Генералниот секретаријат на Владата за придонес на граѓанскиот сектор во подготвувањето на годишната Програма за работа на Владата на Република Северна Македонија, а по завршување на консултативниот процес за предлог-законите на Единствениот национален електронски регистар на прописи да ја ажурираат содржината на Извештајот за проценка на влијанието на регулативата (да објават Предлог-извештај за ПВР), при што делот „Консултации" да содржи преглед на добиените мислења, со образложение на причините поради кои забелешките и предлозите не се прифатени.

Во интерес на доследно спроведување на надлежностите утврдени со Одлуката за формирање на Совет за соработка меѓу Владата и граѓанското општество, Советот препорачува предлозите на закони што се однесуваат или влијаат на развојот и делувањето на граѓанските организации, ресорните министерства да ги доставуваат на мислење до Советот за соработка меѓу Владата и граѓанското општество, пред нивното доставување до Владата на Република Северна Македонија.

Со почит,

Претседателка на Советот за соработка
меѓу Владата и граѓанското општество

Никица Кусиникова

Влада на Република Северна Македонија
Бул. „Илинден" бр. 2, 1000 Скопје | www.vlada.mk | info@vlada.mk